**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
www.mrt.com.mk

# З А П И С Н И К
## од Третата седница на Програмскиот совет на МРТ
## одржана на 24.7.2025, 11:00 часот, сала за состаноци во МРТ

Присутни членови на Третата седница на Програмски совет на МРТ: *Лазо Трпков, Давор Пашоски, Марјан Велевски, Миле Гроздановски, Билјана Бабиќ, Владимир Палашевски, Маја Седрак, Бурим Рамадани, Патриот Лумани, Музбајдин Ќамиљи, Баким Лачи, Томислав Кежаровски и Ивана Ефремновски*

Третата седница на Програмскиот совет започна во 11.00 со утврдување присуство на сите членови, односно за обезбеден кворум за работа.

Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски го прочита Дневниот ред за Третата седница, кој истовремено беше надополнет од негова страна со уште една точка, како што следува подолу:

**Дневен ред:**
1. **Разгледување и усвојување на записникот од Втората седница на Програмскиот совет на МРТ**
2. **Разгледување на предлог-деловник за работа на Програмскиот совет на МРТ**
3. **Разно**

**Точка 1. Разгледување и усвојување на записникот од Втората седница на Програмскиот совет**

Записникот од Конститутивната седница на Програмскиот совет на МРТ беше ставен на гласање

- **За гласаа 12 (дванаесет) членови на Програмскиот совет на МРТ**
- **Томислав Кежаровски интервенираше по точката 2, поточно за гласањето за избор на Заменик на Претседател на Програмски совет на МРТ, воздржаниот член да биде наведен со име и со презиме. Предлогот е прифатен и Записникот од Втората седница на Програмскиот совет на МРТ е заверен со дополнет текст: - еден член беше воздржан: Томислав Кежаровски Со тоа се смета записникот од Втората седница на Програмскиот совет на МРТ за усвоен.**

**Точка 2. Разгледување на предлог-деловник за работа на Програмскиот совет на МРТ**

Службите на МРТ доставија свои предлози за тоа како треба да изгледа предлог-деловникот за работа на Програмскиот совет на МРТ кои беа разгледани на самата седница. Потоа Претседателот на Програмскиот совет, Давор Пашоски даде свои сугестии околу изготвувањето на предлог-деловникот, како и сите останати членови присутни на седницата на Програмскиот совет на МРТ.

Изготвениот материјал со пропратен документ на којшто се забележани сите сугестии на Програмскиот совет на МРТ и за кои гласаа сите 13 членови позитивно ќе биде приложен како пропратен документ на предлог-деловникот за работа на Програмскиот совет на МРТ.

Од точката 2 произлезе:
**Заклучок:**
**Директорот на МРТ да ги задолжи службите на МРТ да изготват верзија на Нацрт-деловникот за работа на Програмскиот совет на МРТ со вклучени сугестии и предлози на систе членови на Програмскиот совет на МРТ и да биде доставена на разгледување на следната седница на Програмскиот совет на МРТ, односно за 7 (седум) дена.**

Со цел што поголема транспарентност на работата на Програмскиот совет на МРТ (во согласност со препораките на Европската унија и други релевантни организации, како што е Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски предложи усогласениот текст на нацрт-деловникот за работа на Програмскиот совет на МРТ да се објави на веб страната на МРТ во траење од 15 дена, со цел да се обезбеди увид на јавноста во работата на Програмскиот совет на МРТ, а воедно и во работата на Македонската радио телевизија како јавен сервис, чија основна дејност е остварување на јавниот интерес преку производство и емитување на програма.

- **За предлогот гласаа 13 (тринаесет) членови**

**Точка 3. Разно**
Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски даде кратка информација за состојбата во Македонската радио телевизија, односно дека во моментот МРТ нема избран Надзорен одбор, што претставува институционален и правен проблем бидејќи овој орган има улога во надзорот над материјално-финансиското работење на МРТ во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Статутот на МРТ.
Тој посочи дека достапните информации се очекува распишување на Локалните избори 2025 година што дополнително ја усложнува состојбата.
Поради сето горенаведено предложи да се одржи седница на Програмскиот совет на МРТ со точка на дневниот ред: Разгледување и усвојување на Предлог - Барање мислење до Собранието на Република Северна Македонија, а се со цел да се добијат насоки за натамошно постапување на Програмскиот совет на МРТ.
Од оваа точка произлезе:
**Заклучок:**
**Директорот на МРТ да ги задолжи службите на МРТ да изготват Предлог-Барање мислење до Собранието на Република Северна Македонија и да го достават на следната седница на Програмскиот совет на МРТ што ќе се одржи на 28.07.2025 година.**
Предлогот се стави на гласање.

- **За гласаа 13 (тринаесет) членови.**

По исцрпување на Дневниот ред на Третата седница на Програмскиот совет на МРТ, Претседателот на Програмскиот совет на МРТ, Давор Пашоски предложи следната седница да се одржи на 28 јули 2025 (понеделник) во 14.00 часот, со што воедно беше и завршена Третата седница на Програмскиот совет на МРТ.
Седницата заврши во 11.40.

Записникот го водеше:
Марина Тодоровска

Претседател на Програмски совет на МРТ

-------------------------------
Давор Пашоски

Бр. 02-4739 /2 од
31.07.2025